# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА 2014 година
**на**
# ИНСТИТУТОТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА (ЕПИ) – СКОПЈЕ

Март, 2015

Скопје

European Policy Institute
Antonie Grubisic 2/2,
P.O. Box. 11, 1001 Skopje,
Republic of Macedonia

Институт за европска политика
Антоние Грубишиќ 2/2,
П.Ф. 11, 1001 Скопје,
Република Македонија

Тел / Phone: +3892 3 280 100
Факс / Fax: 3892 3 280 110
contact@epi.org.mk
www.epi.org.mk

# Содржина


ВОВЕД ........ 3

ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ ........ 4

Следење и  застапување на процесот на пристапување во ЕУ ........ 4

Еврозум - Проект финансиран од ЕУ во рамките на програмата на емисии за Европа ( јануари 2014 – јануари 2015) ........ 4

Програма за демократија и владеење на правото ........ 6

Мрежа 23 (мај 2014 – јули 2015), проект финансиран од Европската унија ........ 6

Регионална програма за промовирање на истражувањата (RRPP)-(Не)еднаквост во социјална заштита: анализа на повеќе нивоа за интерсекционалноста во давањето социјална помош- компаративна студија (август 2014- август 2015 година) ........ 8

Регионална програма за промовирање на истражувањата(RRPP)-Ревизија на успешноста и евалуација на политиките: на исти или паралелни патеки? (јули 2014 - септември 2015) ........ 9

Програма за следење на ИПА ........ 9

ИПА- PRAG II ........ 9

ЕУ и активните организации во Република Македонија- Анализа на граѓанските организации и нивниот активизам во социјалните, трудовите како и прашања поврзани со заштита на човековите права и нивниот капацитет за користење на ЕУ фондовите - Фондација отворено општество Македонија стипендии во соработка со USAID (јануари 2014- јуни 2014) ........ 10

Вестминистер фондација за демократија- Парламентарен надзор на ИПА ........ 11

РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ........ 11

TEN РЕГИОНАЛНА МРЕЖА ........ 11

УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ ........ 12

КОМУНИКАЦИЈА ........ 13

ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ ........ 13

# ВОВЕД

Во 2014 година општиот контекст за застапување на процесот на интеграција во ЕУ на Македонија уште повеќе се влоши. Изгледите за отворање на преговори за членство на Македонија во ЕУ не се подобрија, бидејќи нема напредок во решавање на разликите околу името со Грција. Истовремено, со наглиот пад на демократските стандарди фокусот на процесот повторно се помести на политичките критериуми. Покрај влошениот политички дијалог во земјата и дијалогот во граѓанскиот сектор имаше негативно влијание за истражувањата поврзани со застапување на процесот на интеграција во ЕУ.

Во ваква предизвикувачка средина, ЕПИ продолжи да ги спроведувасвоите главни програмски цели, адаптирајќи се во целиот тој контекст. Ова значеше зголемен фокус на програмата за демократија и владеење на правото. При тоа, продолжи да се реализира програмата за следење на ИПА фондовите, како и ангажирање во определени подрачја на acquis и теми од секторската политика. Вмрежувањето со други граѓански организации на национално и на регионално ниво и понатаму се развива. Покрај тоа што е влошена средината, ЕПИ постојано настојува да ја задржи својата комуникација со националните власти и другите засегнати страни, како и да ѝ пријде на пошироката публика.

# ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ

## Следење и застапување на процесот на пристапување во ЕУ

По објавувањето на Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија, ЕПИ објави Анализа на извештајот со наслов Препорака во сенка.[1] Анализата на ЕПИ генерира широк јавен интерес кај медиумите и академската заедница. За извештајот на ЕПИ се известуваше во повеќе електронски и печатени медиуми, со што се постигна запознавање и на пошироката јавност.

## Еврозум - Проект финансиран од ЕУ во рамките на програмата на емисии за Европа ( јануари 2014 – јануари 2015)




(Буџет на проектот: 122.381 EUR; грант: 85.000 EUR; удел на ЕПИ: 10.000 EUR; донатор: Делегација на ЕУ, Програма на емисии за Европа)

ЕПИ беше партнер во проектот Еврозум (главен спроведувач на проектот беше Евровизион, додека СЕЕТВ беше исто така партнер во спроведувањето на проектот) финансиран од Делегацијата на ЕУ, преку незината програма за емисии за Европа. Проектот вклучуваше на нов циклус на Еврозум, ТВ магазин посебно посветен на процесот на пристапување на Македонија кон ЕУ. Главниот апликант Евровизион беше одговорен за продукцијата на програмата како и за постпродукцијата, додека ЕПИ беше одговорен за придонес во содржината на програмата, за подготовката на сценаријата, обезбедување експерти, извори итн. Проектот започна во јануари 2014 и е завршен во јануари 2015 година.

[1] http://epi.org.mk/docs/Preporaka%20vo%20senka_Analiza%20na%20Izvestajot%20na%20EK%20za%20napredokot%20na%20RM%20za%202014.pdf

Главните цели на проектот беа: да се подори разбиањето на граѓаните за влијанието, користите и предизвиците од пристапните преговори со ЕУ; да се поттикне јавна дебата на конкретни теми за пристапните преговори и да се придонесе за унапредување на слобода на изразување и независни медиуми преку непристрасно и независно известување за прашања поврзани со пристапувањето. Проектот беше осмислен да одговори на недостатокот на знаење од страна на граѓаните за процесот на пристапување кон ЕУ и да го помести јазот помеѓу изразената посветеност за пристапување и свеста за реалноста на самиот тој процес. Како резултат на тоа, специфична цел на проектот беше да се зголеми свеста на граѓаните и на засегнатите субјекти во целиот процес, за реформите кои треба да се направат како резултат на пристапните приговори со ЕУ.

Во рамките на проектот се продуцирани 26 епизоди со специфичен формат на Еврозум, исклучително посветени на преговорите за членство, од кои секоја епизода прикажува посебно поглавје на пристапните преговори.

Во месеците пред почетокот на емитувањето на епизодите (јануари - април) беа преземени подготвителни и почетни активности. Емитувањето на емисијата започна првата недела од мај, додека до првата недела од јули беа емитувани првите девет епизоди. По прекинот поради летниот одмор, емисиите продолжија да се емитуваат од септември 2014 година сè до јануари 2015 година.

Сценаријата кои ЕПИ ги подготви ги истакнуваа приоритетите за пристапување во ЕУ со цел да се влијае врз нивното остварување. Темите од пристапните преговори беа избрани на начин да се сензибилизира публиката и да се привлече нејзиното влијание, а истовремено да се илустрира структурата и содржината на конкретното поглавје. ЕПИ ги подготви сите сценарија како што беше предвидено со временската рамка на документот за проектот. При подготовката на сценаријата посебен акцент беше ставен на конкретни прашања, актуелни прашања за РМ, како и препораките на ЕУ во годишните извештаи за напредокот на земјата. Беше земена предвид и Националната програма за усвојување на правото на ЕУ за да се следат плановите на Владата во специфични области, а беа идентификувани и успешните приказни и научените лекции од новите земји-членки на ЕУ. Во сценаријата беа содржани и реализираните IPA проекти за секое посебно подглавје.

Објавувањето на ставот на новата Европска комисија дека нема да има проширувањето во следните пет години и реконфигурацијата на Директоратот за проширување до Директоратот за европска соседска политика и преговори за пристапување испрати јасна порака дека проширувањето кон Западен Балкан не е приоритет на надворешната и безбедносна политика на ЕУ. Имајќи го ова предвид, една епизода ,,дебата во Европскиот парламент- неисполнети ветувања‘‘ беше посветена на оваа тема и се осврна на повеќе сценарија за Балканот.

Соговорниците и составот на експертскиот форум се избираа имајќи ги предвид специфициките на секоја епизода, од кругот на политичари, претставници на Владата, независни експерти, претставници на невладините организации, претставници на ЕУ, експерти и поренешни преговарачи од земјите членки кои минале низ преговори или во моментов се во преговори.

Тимот на Евровизион организира и сними интервјуа во Македонија, други земји кандидати за членство и нови земји членки. Целта на прилозите беше да се презентираат релевантни информации за значењето на целиот процес за преговори за членство како инструмент за ефикасна трансформација и демократизација на институциите, пренесување на позитивните искуства на новите земји членки на ЕУ сѐе со цел да се прикаже улогата на преговорите за членство што ја имаат во обезбедување на подобар живот на сите граѓани.

Тимот на SEETV даде прилози со соговорници од Брисел.

Проектот е оценет преку две фокусни групи (30.07.2014 и 15.01.2015). Оценувањето обезбеди процена на содржините што се предвидени во ТВ магазинот. Фокусната група ги одрази идентификуваните засегнати страни (целни групи) како и пошироката јавност.

Еврозум беше емитуван секоја недела на телевизијата 24 вести во 19:15 часот и репризиран секој петок во од 12:30 часот.

Емисијата беше промовирана и на социјалните медиуми, како и на каналот на YouTube https://www.youtube.com/user/EurozoomMk, Facebookhttps://www.facebook.com/evrozum, internet http://novatv.mk.

## Програма за демократија и владеење на правото

### Мрежа 23 (мај 2014 – јули 2015), проект финансиран од Европската унија




(Буџет на проектот: 192.417EUR; грант: 158.858 EUR; донатор: Делегација на ЕУ-ИПА Инструмент за граѓанско општество 2013)

Кон крајот на април 2014 година, ЕПИ како водечки партнер (во соработка со Хелсиншкиот комитет во РМ и Центарот за управување со промени) го доби својот прв ИПА грант за граѓанско општество. Проектот вклучува шема за ре-грантирање за градење на капацитети на локалните граѓански органицации. Ова е првата шема за ре-грантирање што ја спроведува ЕПИ.

Главните цели на проектот се: создавање на структура на координација помеѓу граѓанските организации во врска со спроведување на областите покриени со Поглавјето 23 од Acquis ,,Правосудство и фундаментални права‘‘; зголемување на капацитетите на граѓанските организации да дејствуваат како набљудувачки организации во процесот на мониторинг и евалуација на Поглавјето 23 на национално и на локално ниво преку пренос на know-how, воспоставување на механизми за граѓанските организации да влијаат на процесот на креирање

на политиката преку координиран придонес на Мрежата; зголемување на свеста за импликациите од Поглавјето 23 за целокупниот напредок за процесот на пристапување. Специфична цел е да се поттикне поголема посветеност и градење на капацитетите на мрежи и партнерства на граѓанските организации за да се покрене гласто на граѓаните и влијание во реформите на клучните сектори во земјата преку анализа, мониторинг и застапување, како клучен фактор за обезбедување на одржливост на демократските реформи во областа на владеење на правото.

Партнерските организации потпишаа Меморандум за разбирање, во кој јасно се дефинирани нивните улоги и одговорности согласно проектниот документ. Беше спроведена и анкета за граѓански организации активни во областа на владеење на правото, особено областите покриени со Поглавјето 23.

Во согласност со формуларот за аплицирање, ЕПИ заедно со партнерските организации на 2-ри август, 2014 година објави јавен повик до граѓанските организации да учествуваат во мрежата 23. Целиот повик е достапен на: https://www.dropbox.com/sh/goqtxn9elww6wag/AADAAjBbKpELIyOeJvvS7wLJa. Повикот за аплицирање на шемата за ре-грантирање беше објавен во три главни медиуми во земјата и рекламиран преку социјалните мрежи. Се одржа и отворен инфо денза заинтересираните граѓански организации што се спроведе со учество на повеќе заинтересирани учесници https://www.dropbox.com/sh/kcbc3044mbm5kkv/AAC7uJuPoop91mYAvWQbtXbaa?dl=0. Од вкупно 39 организации кои поднесоа апликаца за грант, преку процес на евалуација беа избрани 10 проекти.

Беше развиен концептот за развој на интернет алатката MERC.

Првата работилница на грантистите од Мрежа 23 се одржа од 23 октомври до 2 ноември во Битола. На работилницата присуствуваа 37 учесници, од кои дваесет грантисти, двајца претставници од националните засегнати страни, двајца обучувачи, пет претставници од партнерите соработници и 8 од партнерските организации. Темата на работилницата беше ,,Методологија за следење и евалуација на јавните политики во Поглавјето 23 - Правосудство и фундаментални права‘‘. Учесниците се стекнаа со знаење и вештини за методологијата за евалуација на јавните политики, за применливите алатки и индикаторите за успешност, како и разликата меѓу следењето и евалуацијата. Знаење и вештини им беа презентирани на грантистите преку разбирлива и применлива студија на случаи.

Втората работилница се одржа од 11 до 14 декември во Струга, Македонија. На оваа работилница присуствуваа 30 учесници, од кои осумнаесет грантиисти, двајца претставници од националните засегнати страни, двајца претстравници од партнерите соработници и десет претставници од партнерските организации (од кои 7 беа обучувачи). Главна цел на втората работилница беше да им се претстави на грантистите развојот, структурата и содржината на Поглавјето 23. Партнерските организации спроведоа и наменска обука (врз основа на проектот на грантистите), вклучувајќи ги и искуствата, предизвивиците и справување со можните ризици, преку следење на судските власти и следење на судските постапки, слободата на изразување и слободата на говорот, бесплатна правна помош. Соработниците од партнесрките земји ги пренесоа своите искуства за регионалниот скрининг процес и лекциите научени за време на преговорите за пристапување.

ЕПИ поднесе апликација за проект за финансиски придонес на проектот до холандската амбасада.

## Регионална програма за промовирање на истражувањата (RRPP)- (Не)еднаквост во социјална заштита: анализа на повеќе нивоа за интерсекционалноста во давањето социјална помош- компаративна студија (август 2014- август 2015 година)




(Буџет на проектот: 67 240 CHF; удел на ЕПИ: 34 590 CHF; донатор: Регионална програма за промовирање на истражувањата- Швајцарска агенција за развој и соработка)

Почнувајќи од 1 август 2014, ЕПИ започна со спроведување на регионален истражувачки проект финансиран од RRPP, „(Не) еднаквоста во социјалната заштита: анализа на повеќе нивоа за интерсекционалноста во давање на социјална помош- компаративна студија“, како главен партнер, во соработка со Центарот за општествени истражувања – Аналитика од Босна и Херцеговина. Општата цел на истражувањето е да се испита дали и како се зема предвид меѓусебната зависност на нееднаквостите и какво е влијанието на социјалната заштита (со посебен осврт на одредбите за социјална помош) во Босна и Херцеговина и Македонија, на симболично, структурално и индивидуално ниво, и дали и како тоа ќе влијае на продолжување на нееднаквостите. Со цел да се презентираат резултатите од истражувањето, со овој проект, кој треба да биде завршен до крајот на јули 2015, ќе се реализираат: издавање на книга, два труда (кои ќе бидат презентирани на меѓународна конференција), два политички заклучоци, еден компаративен труд (главно наменет за донаторите и меѓународната заедница), како и по еден настан во секоја земја.

Партнерите потпишаа Меморандумот за соработка, кој го подготви ЕПИ. Во септември ЕПИ започна да го подготвува првиот координативен состанок за проектот кој се одржа во Скопје, од 13 до 14 октомври 2014 година. Покрај можноста двата истражувачки тимови да се запознаат подобро меѓусебно, овој состанок првенствено беше организиран со цел да се разговара и да се заврши документот за методологијата на истражувањето. За таа цел

истражувачкиот тим на ЕПИ изготви во септември нацрт - документ за методологија кој беше доставен на Аналитика, и кој беше основа за дискусија на состанокот во Скопје. ЕПИ ги доразработи методите и документот за методологијата и за нив се дискутираше на состанокот во Скопје (октомври, 2014 година). Методите и методологијата беа дискутирани со менторот и беа завршени кон крајот на декември. Двете организации ги подготвија клучните контакт листи и ги избраа првите соговорници за интервјуата.

Координативниот состанок на партнерите во проектот се одржа за време на конференцијата PBI RRPP (Policy Bridging Initiative) која се одржа во ноември 2014 година во Белград. На дневен ред на состанокот беше дискусија за аналитичките и методолошките рамки, процена на ризикот, дискусии за понатамошни чекори во рамки на проектот и внатрешните рокови за истражување.

На отворањето на конференцијата PBI во ноември, 2014 во Белград учествуваше Билјана Котевска. По деталното согледување на програмите во рамките PBI кои ги претставија организаторите, дојдовме до консензус дека проектот нема да има врска со политиките, со што најверојатно нема да има и суштински импликации врз политиките. Идното учество во PBI е можно доколку темите се поклопуваат со потребите за обука на истражувачите.

Во рамки на програмата на RRPP за унапредување на поврзаноста меѓу истражувањата и јавните политики Policy Bridging Link, Билјана Котевска и Кристина Цуцулоска учествуваа во почетната RRPP обука за имплементирање на проекти (на почетниот состанок во Скопје), додека Симонида Кацарска, Александар Јовановски и Кристина Цуцулоска учествуваа во обуката за акдемско пишување која се одржа од 6 до 7 ноември во Скопје, Македонија.

### Регионална програма за промовирање на истражувањата(RRPP)- Ревизија на успешноста и евалуација на политиките: на исти или паралелни патеки? (јули 2014 - септември 2015)

(Буџет на проектот: 125775CHF; грант: 119415 CHF; удел на ЕПИ: 27005 CHF; донатор: Регионална програма за промовирање на истражувањата - Швајцарска агенција за развој и соработка)

Од јули 2014 година ЕПИ започна со спроведување на проектот ,,Ревизија на успешноста и евалуација на политиките: на исти или паралелни патеки?‘‘. Ова е заеднички проект со Центарот за европска политика (CEP) од Белград како носител на проектот, ЕПИ и институтот Алтернатива од Подгорица, како партнери. Целта на проектот е да се анализира односот помеѓу ревизијата на успешноста и евелуацијата на политиките, да се извлечат заклучоци за нивната комплементарност, како и можноста да се користат наводите од ревизијата за зајакнување на евалуцијата на политиките, а следствено на тоа да се унапреди квалитетот на креирање на политиките во земјите на конзорциумот.

Конзорциумот ќе подготви сеопфатна компаративна студија која ќе опфаќа 6 земји од Европската Унија и трите земји од конзорциумот. Во рамки на овој проект ЕПИ ја анализира врската помеѓу ревизијата на успешноста и евалуација на политиките на една стара и една нова земја членка на ЕУ и на Македонија.

Во текот на 2014 годнина тимот на ЕПИ изготви методологија за проектот, која беше споделена со нашата менторската установа -The Hertie School of Governance - Berlin.

### Програма за следење на ИПА

### ИПА- PRAG II

Оваа програма продолжи со учеството на ЕПИ во проектот за ИПА- PRAG II, предводен од Еко-свест Македонија, заедно со Аналитика, Македонскиот центар за европско обрзаование, Здружението Зенит, Фронт 24/12 и Reactor. Неформалната мрежа предводена од Еко-свест даде

предлог за проект- за ИПА мрежата на повикот за предлози на USAID. Проектот беше спроведен за период од шест месеци, и заврши во јуни 2014 година.

Најважната задача на мрежата во проектот беше да се организира форум за да се консултираат граѓански организации кои се активни во нивните области на дејствување, за содржината на нацртот за Стратешкиот документ за ИПА за преиодот од 2014-2020 (CSP). Овој форум се одржа на 27-28 февруари во Охрид каде што 112 претставници на граѓанските организации имаа можност да ги искажат своите мислења. Концептот на форумот беше да се организира пленарна седница, проследена со 7 одделни работилници. ЕПИ беше одговорен за секторската политика V- конкурентност и иновации - тринаесет учесници од секторот на граѓанско општество (на национално ниво) учествуваа во оваа работилница. Резултатот од оваа дводневна конференција исто така вклучуваше и изработка на сеопфатен документ со став за Стратешкиот документ, кој беше составен од придонесот на сите 7 работни групи.

Документот со ставот за Стратешкиот документ за ИПА составен со придонесот на сите 7 работни групи[2], беше доставен до делегацијата на ЕУ и Секретаријатот за европски прашања.

Партнерските организации ги зајакнаа организационите способности на граѓанските организации за да учествуваат во процесот на програмирање на ИПА. Во текот на октомври беше спроведена обука за ИПА II на избраните граѓански организации.

Партнерските организации се залагаа за воспоставување на механизам за консултации за ИПА со Секретаријатот за европски прашања, но без видливи раултати до крајот на 2014 година, и покрај неколку состаноци и консултации со Секретаријатот.

Досега напорите за застапување резултираа со поддршка од страна на Комисијата за европски прашања за основање на државен фонд за кофинансирање за ИПА фондовите на граѓанското општество (што е содржано во заклучоци на комисијата).

## ЕУ и активните организации во Република Македонија- Анализа на граѓанските организации и нивниот активизам во социјалните, трудовите како и прашања поврзани со заштита на човековите права и нивниот капацитет за користење на ЕУ фондовите - Фондација отворено општество Македонија стипендии во соработка со USAID (јануари 2014- јуни 2014)

(Буџет на проектот/грант: 2400 USD донатор: УСАИД - Фондација Отворено општество-Македонија)

Во рамки на проектот на УСАИД за граѓанско општество- мали грантови за стипендии на граѓанските организации, во декември 2013 на ЕПИ му беше доделен мал истражувачки грант за ЕУ и граѓанските организации и нивниот активизам во Република Македонија. Истражувањето беше спроведено од страна на грантистот од ЕПИ Кире Василев и беше фокусирано на: односот помеѓу Европската Унија и невладините организации во земјата кои работат во областа на: социјалните права, темите за LGBT, Ромите и родовата еднаквост. Имајќи во предвид дека овие области беа истакнати во извештајот на Европската Комисија како области кои Македонија мора да обрне посебно внимание, во оваа студија беше земенз предвид критиката од страна на Европската Комисија, беа разгледани можностите кои ги нуди ЕУ за подрашка на организациите за граѓанско општество, како и капацитетот на невладините организации кои работат на овие прашања за управување со фондовите на ЕУ.

[2] http://www.ekosvest.com.mk/mk/nastan.php?id=48

Оваа студија содржи и препораки за владата и организациите на граѓанското општество и беше претставени на официјален промотивен настан во ЕУ инфо центарот во јули, 2014. Околу 30 претставници на секторот на граѓанските организации учествуваа во динамичната дискусија за време на настанот. Истражувачката студија/документ е достапен на :

http://epi.org.mk/docs/EU%20i%20aktivistickite%20organizacii%20vo%20Republika%20Makedonija.pdf

### Вестминистер фондација за демократија- Парламентарен надзор на ИПА

(буџет на проектот:7.150 EUR )

Во рамки на соработката во Регионалната мрежа на парламентарните комитети за економија и финансии на земјите од Западен Балкан подржана од Вестминистер фондација за демократија, д-р Малинка Ристевска Јорданова спроведе обука во март и во јули 2014 година, за ИПА II и парламентарна контрола за користење на ЕУ фондовите, за пратениците и парламентарниот персонал на Босна и Херцеговина, од три парламентарни собранија на БиХ.

ЕПИ подготви кус документ за Инструментот за претпристапна помош II (2014-2020), кој беше презентиран на регионалната конференција во Скопје во текот на ноември 2014 година.

Во текот на февруари до април 2014 година Кристина Цуцулоска од ЕПИ подготви прирачник и водич за државната помош, политика на конкуренција и странските директни инвестиции на земјите од Западен Балкан. Покрај тоа, г-ѓа Цуцулоска обезбеди регионална обука на парламентарниот персонал во Белград, Србија и изготви студија на случаи за политиката на државна помош и политиката на конкуренција  во Западен Балкан. Оваа студија е достапна на следниов линк :

http://www.npcbalkan.net/admin/doc/2790NPC%20toolkitEN-FINAL%20-%20for%20WEB.PDF

ПРОЕКТИ ВО ТЕК:

- Апликацијата за проектот ,,Спроведување на принципот на правична застапеност‘‘ доставен до УСАИД за проектот за граѓанското општество беше одобрена во декември (буџет на проектот:42.182 USD; грант:38682 USD)
- ЕПИ поднесе концепт белешка за двегодишен проект ,,Дијалози за визија‘‘ до Стратешкиот програмски фонд и билатералниот програмски фонд на Министерството за надворешни работи на Велика Британија.
- Проектот,,Зајакнување на организациите за заштита на потрошувачите за подобри општински услуги во Југоисточна Европа”, во кој ЕПИ учествува како партнер во проектот како член на мрежата TEN, беше во последната фаза на одобрување.

# РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

## TEN РЕГИОНАЛНА МРЕЖА

ЕПИ е еден од основачите на мрежата ,,Мисли за Европа‘‘, мрежа на тинк-тенкови и истражувачки центри за ЕУ во Југоисточна Европа (TEN). Таа е основана во мај 2013 со потпишување на договор за соработка. Покрај ЕПИ, сегашни членови на мрежата се Центарот за европска политика, со седиште во Белград, Србија и Институтот Алтернатива со седиште во Подгорица, Црна Гора. Примарната цел на мрежата е унапредување на креирањето политики засновано на докази и да ја промовираат интеграцијата во ЕУ.

Регионалната соработка беше промовирана преку учеството во Вестминистер проектот за парламентарна контрола на фондовите на ЕУ, како и учеството во активностите на Европскиот фонд за Балканот.

Членовите на TEN подготвија прирачник со наслов ,,Барања за координација и институционална поставеност во процесот на пристапување кон ЕУ и преговорите за членство‘‘, за регионалната работилница на мрежата за канцелариите за интеграција во ЕУ во Југоисточна Европа, во рамките на GIZ Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа- Промоција на проектот за интеграција во ЕУ. Овој документ беше презентиран од 23 до 25 Август во Бечичи,Црна Гора. Автор од ЕПИ беше Малинка Ристевска Јорданова.

Поделен во седум поглавја, овој прирачник ги анализира барањата за институционална поставеност и координација во целиот процес на интеграција во ЕУ, земајќи ги во предвид спецификите на проширување на земјите од Западен Балкан и националните структури за координација во процесот на пристапување; барањата за институционална поставеност и координација за преговорите за пристапување од гледна точка на главните структури потребни за водење на преговорите за членство; врската помеѓу креирањето на политиките и координацијата на национално ниво, во однос на пристапувањето во ЕУ; вклучување на засегнатите страни, како што се граѓанските организации и националните собранија во процесот на пристапување во ЕУ.

Членовите на TEN мрежата подготвија прирачник за дводневна конференцина за зајакнување на човечките капацитети на јавната администрација на земјите од Југоистична Европа кон пристапувањето во ЕУ, организирана од Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа (GIZ). Конференцијата послужи како платформа за дискусија и размена на мислења меѓу политичарите, државните службеници и другите засегнати страни во процесот на интеграција во ЕУ. ЕПИ учествуваше во подготовката на овој прирачник. Во овој прирачник се прикажани темите поврзани со развојот на човечките капацитети и управување со процесот на интеграција во ЕУ, исто така дава преглед на релевентните искуства и научените лекции од претходните проширувања, како и научените лекции и најдобрите практики во градење на човековите капацитети за пристапување во ЕУ во регионот на Југоисточна Европа. Автори од ЕПИ беа Малинка Ристевска Јорданова и Симонида Кацарска.

## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ

Д-р Симонида Кацарска организираше и учествуваше во работилница за политиката за управување со граѓанството на Балканот, што се одржа на Европскиот универзитетски институт во Фиренца во мај, 2014 година. Насловот на трудот што таа го презентираше е ,,Фундаменталните права, пред и по дијалогот за визна либерализација - изгубени во процесот‘‘. Д-р Симонида Кацарска изготви труд како автор од Македонија за Центарот за Европска политика,за Европската интеграција и партиската политика во Западениот Балкан, кој беше објавен во септември 2014 година. Насловот на трудот е „Европската Унија во Македонската партиска политика - консолидирање и делење“.

(http://www.epc.eu/pub_details.php?cat_id=4&pub_id=4849, pg. 69).

Д-р Симонида Кацарска учествуваше како говорник на меѓународната работилница за интеграција во ЕУ и заштита на малцинствата во земјите од Западен Балкан, која се одржа во Сараево, организирана како дел од MAXCAP проектот (FP7 проект за максимизирање на интеграциониот капацитет на Европската Унија)

Во текот на мај, Александар Јовановски учествуваше на годишниот настан на заедницата организиран од страна на Европскиот фонд за Балканот во Сараево, Босна и Херцеговина. Г-дин Јовановски како претставник од Македонија и ЕПИ, се појави во првиот регионален клип ***Мотори за промена*** (http://vimeo.com/96570031). Идејата на видеото и на самиот настан во Сараево беше да ја донесе Европа и донаторската заедница поблиску до новите перспективи на Балканот, темите за длабока трансформација на Балканските општества и на EFB “Мотори за промена” од различни програми и земји. Овие теми со кои се опфатени општите столбови на работата и интересите на Европскиот фонд за Балканот се презентирани преку човечките

капацитети на EFB, односно неколку одбрани луѓе од мрежата на корисници, соработници и партнери, чија приватност и професионални приказни и сведоштва ни кажуваат за достигнувањата на фондот во ретроспектива, но исто така служи како повратна информација и потик за идниот развој на фондот во преспектива.

## КОМУНИКАЦИЈА

ЕПИ го смени својот визуелен идентитет, при што е креирано ново лого и редизајнирање на веб страницата.

Ре- дизајнот на веб страницата допринесе за зголемена транспарентност на изворите добивани од донаторите, што резултираше со добивање највисока оцена (5) во објавениот извештај за транспарентност на тинк-тенкови од страна на Проектот за транспарентност.

Интезивното користење на социјалните медиуми (главно фејсбук) доведе до зголемување на бројот на следбеници на ФБ страницата на ЕПИ од околу 1000 до 2500 до крајот на 2014 година.

ЕПИ продолжи да биде во голема мера присутен во медиумите и е неизбежен соговорник кога се разговара за теми поврзани со ЕУ. Директорката на институтот често е повикувана на интервјуа на 24 вести, Алсат- М, Телма, Радио Скопје, Радио Слободна Европа, Дојче Веле – Македонија. Сепак, просторот во провладините медиуми беше исклучително ограничен.

## ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Во 2014 година беа одржани две седници на Собранието.

По оставката на г-дин Дрилон Исени, член на Надзорен одбор, во согласност со Статутот на ЕПИ, на седницата на Собранието на ЕПИ одржана во октомври беше именуван нов член на Надзорниот одбор (Верица Хаџи Василева Марковска).

Беа подготвени и дискутирани Внатрешните постапки на ЕПИ. Тие беа усвоени на седницата на Управниот одбор која се одржа на 6 октомври 2014 година. Документот ја дефинира внатрешната структура на Институтот, политиката на човечки ресурси, планирањето и известувањето, управување со документи, финансиските и сметководствените процедури. Внатрешните постапки ја одразуваат најдобрата практика кај тинк-тенк организациите, како и научените лекции во изминатите три години. Усвоениот документ влезе во сила на 1 ноември 2014 година.

Истражувачките капацитети беа подобрени преку неколку проекти кои вклучуваа истражување и истражувачки обуки и менторство, што резултираше со вклучување на ЕПИ во два проекти во рамки на регионалната програма за промовирање на истражувањата (RPPP), кои ќе се спроведат до крајот на август/септември 2015 година.

Административните капацитети беа подобрени со обезбедување средства за ангажирање на административен службеник, со што се поддржува спроведувањето на внатрешните процедури на Институтот.

Капацитетите за вршење на консултатски услуги и обука се дополнително напреднати, така што ЕПИ се ангажира да им помогне на други организации на локално и регионално ниво.

ЕПИ имаше пет вработени на почетокот на 2014 година, додека на крајот на годината вкупниот број на вработени изнесуваше 7.

Волонтери постојано се ангажираат. На крајот на 2014 година двајца волонтери беа ангажирани на проектот Мрежа 23.

ЕПИ се премести во нови простории на 13-ти октомври. Новата адреса е Антоние Грубишиќ II/2 Скопје.

ЕПИ поднесе апликација до OSI TTF за грантот за организациски развој, фокусирајќи се на приоритетните области: истражување, комуникација и внатрешно управување.